Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), член 236 став 1 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.96/18), член 19 од Правилникот за начин и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/11, 168/11 и 135/12) и член 13 од Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем на ЕВН Македонија АД Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/14), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и регулирани тарифи за 2018 година, како и основен приход за 2018, 2019 и 2020 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, УП1 08-42/18 од 16.05.2018 година, на седницата одржана на 29 јуни 2018 година, донесе

# О Д Л У К А

## за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за 2018 година, како и основен приход за 2018, 2019 и 2020 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје

1. На ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје се одобрува основниот приход (BR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија да изнесува:

   - 4.807.235.972 денари, за 2018 година,
   - 4.936.246.448 денари, за 2019 година,
   - 5.056.713.385 денари, за 2020 година.

2. Се одобрува регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија за 2018 година да изнесува 7.516.633.654 денари.

3. Регулираната просечна тарифа за вршење на дејноста наведена во точка 2 од оваа Одлука, за 2018 година се утврдува да изнесува 1,4084 ден/kWh за планирана испорака на 5.336.862.891 kWh електрична енергија.

4. Во согласност со регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија утврден со точка 2 од оваа Одлука, и просечната тарифа за пренос на електрична енергија за 2018 година (0,2053 ден/kWh) утврдена со Одлука за одобрување на основен приход за 2018, 2019 и 2020 година, регулиран максимален приход за 2018 година и регулирана просечна тарифа за 2018 година за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Македонија АД МЕПСО – Скопје, тарифите за пресметковните елементи за категориите на потрошувачи, врз основа на кои ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ

Скопје, како вршител на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија, им го фактурира надоместокот за користење на дистрибутивниот систем, изнесуваат:

| категории на приклучоци | Тарифи за пресметковни елементи (без вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) | | |
|---|---|---|---|
| | моќност (ден/kW) | активна ел.енерг (ден/kWh) | реактивна ел.енергија (ден/kvarh) |
| MV1 | 74,86 | 0,0245 | 0,0098 |
| MV2 | 151,80 | 0,0812 | 0,0325 |
| LV1.2 | 217,98 | 0,1399 | 0,0559 |
| LV1.1 | * | 0,9108 | * |
| LV2 | * | 1,6810 | * |

| категории на приклучоци | Тарифи за пресметковни елементи (со вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) | | |
|---|---|---|---|
| | моќност (ден/kW) | активна ел.енерг (ден/kWh) | реактивна ел.енергија (ден/kvarh) |
| MV1 | 74,86 | 0,2298 | 0,0098 |
| MV2 | 151,80 | 0,2865 | 0,0325 |
| LV1.2 | 217,98 | 0,3452 | 0,0559 |
| LV1.1 | * | 1,1162 | * |
| LV2 | * | 1,8864 | * |

5. Оваа Одлука е конечна во управната постапка.

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јули 2018 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, согласно Правилникот за начин и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија (во понатамошниот текст Правилникот), до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за одобрување на регулиран максимален приход и регулирани тарифи за 2018 година и основен приход за 2018, 2019 и 2020 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија УП1 08-42/18 од 16.05.2018 година (во понатамошниот текст Барање). Кон барањето ја достави и потребната документација согласно Правилникот.

Согласно преодните одредби од Законот за енергетика (“Службен весник на Република Македонија” бр.96/18), бидејќи Барањето е поднесено во период на важење на Законот за енергетика (“Службен весник на Република Македонија” бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и одлуката треба да биде донесена согласно овој

Закон. Исто така, согласно преодните одредби од Законот за енергетика (“Службен весник на Република Македонија” бр.96/18) подзаконските акти донесени во согласност со Законот за енергетика (“Службен весник на Република Македонија” бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) ќе се применуваат до донесувањето на нови подзаконски акти.

Регулаторната комисија за енергетика, на 01.06.2018 година го објави известувањето во врска со барањето на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика и во дневните весници “Нова Македонија” и “Коха”.

По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето, до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-1252/1 од 28.06.2018 година свика подготвителна седница со предмет на разгледување “Предлог одлука за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за 2018 година, како и основен приход за 2018, 2019 и 2020 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје”.

На 29.06.2018 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од АД ТЕЦ НЕГОТИНО, претставници од АД ЕЛЕМ – Скопје, претставници од АД МЕПСО – Скопје, претставници од ЕВН Македонија АД Скопје, претставници од ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, претставници од Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ, д-р Кочо Анѓушев, претставници од Министерство за економија, претставници од Комисијата за заштита на конкуренција, претставници од Агенцијата за енергетика на Република Македонија, претставници од Стопанска комора на Македонија, претставници од Сојуз на стопански комори на Македонија, како и претставници од Советот за заштита на потрошувачите.

***Податоци од Барањето***

Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и регулирани тарифи за 2018 година, како и основен приход за 2018, 2019 и 2020 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија, е поднесено во согласност со Правилникот.

ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје во Барањето ги има презентирано следните податоци:

***Вредност на средствата за вршење на регулирана дејност (RAB)***

Според податоците дадени согласно Прилогот 5 од Правилникот, вредноста на средствата за вршење на регулираната дејности и приносот на средствата изнесува:

| | | **Базна година 2017** | **2018** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | RAB start | 16.463.887.829 | 16.530.284.988 | 16.757.011.007 | 17.027.942.724 |
| 2 | Нови инвестиции | 2.169.765.594 | 2.159.308.155 | 2.246.772.726 | 2.221.392.749 |
| 3 | Капитални придонеси | 507.110.983 | 420.264.266 | 430.500.000 | 430.500.000 |
| 4 | Амортизација | 1.517.188.581 | 1.556.862.147 | 1.609.183.073 | 1.660.077.656 |
| 5 | Амортизација на капитални придонеси | 36.489.692 | 44.544.278 | 63.842.064 | 82.174.961 |
| 6 | RAB out | 115.558.563 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | RAB end | 16.530.284.988 | 16.757.011.007 | 17.027.942.724 | 17.240.932.777 |
| 8 | Просечен RAB | 16.497.086.409 | 16.643.647.998 | 16.892.476.866 | 17.134.437.751 |
| 9 | WACC | 5,6745% | 5,6745% | 5,6745% | 5,6745% |
| 10 | RA (принос на средства) | 936.120.006 | 944.436.580 | 958.556.266 | 972.286.231 |

Во вредноста на RABstart за 2017 година се вкалкулирани и инвестиции во тек во вредност од 943.000.000 денари

***Вредност на планирани инвестиции***

ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје прикажува нови инвестиции за вршење на дејноста дистрибуција на електрична енергија во износ од:

- За 2017 година – 2.169.765.594 денари
- За 2018 година – 2.159.308.155денари
- За 2019 година – 2.246.772.726 денари
- За 2020 година – 2.221.392.749 денари

***Планирани трошоци***

| Р.б. | Опис | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 309.694.545 | 354.407.895 | 360.637.090 | 366.982.280 |
| 2 | Тековно одржување, ремонт и услуги за одржување | 329.793.172 | 360.026.783 | 367.227.319 | 374.571.865 |
| 3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема | 89.332.055 | 91.118.696 | 92.941.070 | 94.799.891 |
| 4 | Бруто плати | 994.058.766 | 1.037.079.151 | 1.075.485.428 | 1.115.013.124 |
| 5 | Менаџерски плати и награди | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Други услуги | 433.173.064 | 475.102.991 | 483.346.700 | 491.708.772 |
| 7 | Останати и вонредни трошоци | 152.111.580 | 183.733.944 | 199.089.209 | 199.969.779 |
| **9** | **Вкупно оперативни трошоци** | 2.308.163.183 | 2.501.469.460 | 2.578.726.815 | 2.643.045.711 |
| 10 | Амортизација | 1.517.188.581 | 1.556.862.147 | 1.609.183.073 | 1.660.077.656 |

Учеството на другите услуги во трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар е утврдено да изнесува 139,9% за 2017 година, 149,7% за 2018 година, 149,2% за 2019 година и 142,7% за 2020 година.

***Број на вработени***

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на вработени | 1.756 | 1.797 | 1.827 | 1.857 |

***Пондерирана просечна цена на капиталот WACC***

Бараната пондерирана просечна цена на капиталот , WACC е пресметана за 2017 година што е презентирано во следнава табела:

| **Р.бр** | **ОПИС** | **2017** |
|---|---|---|
| 1 | Сопствен капитал ( денари) | 12.562.967.411 |
| 2 | Долг ( денари) | 1.934.337.258 |
| 3 | Сопствен капитал (%) | 86,66% |
| 4 | Долгорочен долг **Deb**t (%) | 13,34% |
| 5 | Цена на долгот, **Kd** | 3,60% |
| 6 | Просечни каматни стапки на долгорочни кредити одобрени на претпријатијата во РМ а објавени од Народна Банка на РМ, **Rm** (%) | 5,39% |
| 7 | Стапка на поврат без ризик, која се утврдува како еднаква на приносот на обврзниците издадени од Владата на РМ, **Rf** (%) | 3,00% |
| 8 | Премија на ризик која се определува како разлика меѓу просечен приход на ризични вложувања (Rm) и приход на неризични вложувања (Rf), **MRP** | 2,39% |
| 9 | Бета на сопствен капитал (пазарно портфолио) **β** | 1 |
| 10 | Цена на сопствен капитал, **Ke** | 5,39% |
| 11 | Стапка на данокот на добивка, **Tr** %) | 10,00% |
| 12 | Пондерирана просечна цена на капиталот на реална основа пред оданочување, **WACC** (%) | **5,6745%** |

***Пренесени трошоци и фактор на корекција***

Пренесените трошоци за 2018 година се пресметани да изнесуваат 67.491.577 денари, додека пак факторот на корекција за 2018 година според ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје изнесува 207.957.535 денари.

***Потрошувачка на електрична енергија и број на потрошувачи***

| | | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на потрошувачи | | 695.974 | 696.670 | 697.367 | 698.064 |
| ЕЕ на влез во дистрибутивен систем | kWh | 5.250.091.034 | 5.264.200.943 | 5.317.981.130 | 5.357.000.270 |

***Трошоци за набавка на електрична енергија за покривање на загуби***

| | | **2018** |
|---|---|---|
| Загуби на електрична енергија | % | 13,4 |
| Количини на електрична енергија на влез во дистрибутивниот систем | kWh | 6.148.595.816 |
| Количини на електрична енергија на излез во дистрибутивниот систем | kWh | 5.324.683.976 |
| Количини ма загуби на електрична енергија во дистрибутивен систем | kWh | 823.911.839 |
| Просечна цена на набавка на загуби на електрична енергија во дистрибутивен систем на отворен пазар | ден/kWh | 3,3149 |
| Просечна цена за набавка на загуби на електрична енергија во дистрибутивен систем на отворен пазар, со вклучени тарифи за пренос на електрична енергија и организирање и управување со пазарот на електрична енергија | ден/kWh | 3,5336 |
| **Трошоци за набавка на загуби на електрична енергија во дистрибутивен систем** | **ден** | **2.911.407.404** |

***Основен приход, годишен приход по составни елементи и регулиран максимален приход***

ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за базната 2017 година има презентирано основен приход во висина од 4.804.881.028 денари, за 2018 година основен приход во висина од 4.939.894.685 денари, за 2019 година основен приход во висина од 5.098.197.455 денари и за 2020 година основен приход во висина од 5.254.041.361 денари

Годишниот приход е прикажан во следната табела:

| | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|---|
| Годишен приход по составни елементи - ABB | 4.804.492.154 | 5.002.768.187 | 5.146.466.154 | 5.232.466.728 |

Факторот на порамнување (SX) е утврден да изнесува -0,006166897.

Регулираниот максимален приход за регулираната дејност дистрибуција на електрична енергија за 2018 година според ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје изнесува 7.710.836.131 денари.

## Анализа од Регулаторната комисија за енергетика

Согласно член 16 од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика започна постапка по Барањето за одобрување на основен приход за 2018, 2019 и 2020 година, како и регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за 2018 година за дејноста дистрибуција на електрична енергија.

Според одредбите од Правилникот, определувањето на регулиран максимален приход што му се одобрува на регулираното претпријатие да го оствари во текот на една календарска година од новиот регулиран период, Регулаторната комисија за енергетика го врши врз основа на анализата на остварените финансиски резултати од работењето, односно вршењето на регулирани дејности на регулираното претпријатие во 2017 година која претставува базна година за новиот регулиран период.

Анализата на финансиските резултати во себе ја опфаќа анализата на сите составни елементи, на приходите, расходите, средствата и на капиталот. На овој начин утврдениот приход за базната 2017 година е основа за проекциите во регулираниот период 2018-2020 година.

Според пресметката на вредноста на регулираните средства за вршење на регулираните дејности (RAB), вредноста на просечниот RAB изнесува:

| р.бр | ОПИС | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | RAB start (денари) | 14.886.660.359 | 15.986.718.695 | 16.223.040.868 | 16.503.568.737 |
| 2 | Нови инвестиции (денари) | 3.193.830.619 | 2.159.308.155 | 2.246.772.726 | 2.221.392.749 |
| 3 | Капитални придонеси (денари) | 507.110.983 | 420.264.266 | 430.500.000 | 430.500.000 |
| 4 | Амортизација (денари) | 1.507.592.429 | 1.547.265.995 | 1.599.586.921 | 1.650.481.504 |
| 5 | Амортизација на капитални придонеси (денари) | 36.489.692 | 44.544.278 | 63.842.064 | 82.174.961 |
| 6 | RAB out (денари) | 115.558.563 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | RAB end (денари) | 15.986.718.695 | 16.223.040.868 | 16.503.568.737 | 16.726.154.943 |
| 8 | Просечен RAB (денари) | 15.436.689.527 | 16.104.879.781 | 16.363.304.802 | 16.614.861.840 |
| **9** | **WACC (%)** | **5,81%** | **5,81%** | **5,81%** | **5,81%** |
| **10** | **Принос на регулирани средства (RA) (денари)** | **897.577.812** | **936.430.232** | **951.456.548** | **966.083.519** |

Новите инвестиции се преземени од доставените податоци од Барањето, при што за 2017 година се земени во предвид и инвестициите во тек, во висина од 943.000.000 денари.

Вредноста за капиталните инвестиции за 2018, 2019 и 2020 година е земена иста како и доставените податоци од Барањето.

Вредноста на амортизацијата за 2018, 2019 и 2020 година е земена иста како во Барањето, намалена за вредноста на амортизацијата на одземените средства.

Вредноста на амортизацијата на капиталните придонеси за 2018, 2019 и 2020 година е земена иста како и во барањето, зголемена за вредноста на амортизацијата на одземените средства финансирани од капитални придонеси.

Пресметката на просечната пондерирана цена на капиталот (WACC) е извршена за 2017 година и истата вредност е преземена за 2018, 2019 и 2020 година и е дадена во следната табела:

| р.бр | ОПИС | 2017 |
|---|---|---|
| 1 | Сопствен капитал (денари) | 12.562.967.411 |
| 2 | Долг (денари) | 1.934.337.258 |
| 3 | Сопствен капитал (%) | 86,66% |
| 4 | Долгорочен долг, Debt (%) | 13,34% |
| 5 | Цена на долг, Kd (%) | 3,60% |
| 6 | Просечни каматни стапки на долгорочни кредити (€, $ и денари), одобрени на претпријатијата во РМ, а објавени од Народна банка на РМ, Rm (%) | 5,54% |
| 7 | стапка на поврат без ризик, која се утврдува како еднаква на приносот на обврзниците издадени од Владата на РМ, Rf (%) | 2,81% |
| 8 | Премија за ризик која се определува како разлика меѓу "просечен приход на ризични вложувања (Rm) и приход на неризични вложувања (Rf)", MRP | 2,73% |
| 9 | Бета на сопствен капитал, (пазарното портфолио), β | 1 |
| 10 | Цена на сопствен капитал, Ke (%) | 5,54% |
| 11 | Стапка на данок на добивка, Tp (%) | 10,00% |
| **12** | **Пондерирана просечна цена на капиталот на реална основа пред оданочување, WACC (%)** | **5,8146%** |

Вредноста на Rf (приход на неризични вложувања) е утврдена како просечна пондерирана каматна стапка на 3; 6; 12; 24 и 36 – месечни државни хартии од вредност.

Вредноста на Rm (просечен приход на ризични вложувања) е утврдена како просечна каматна стапка на долгорочни денарски и девизни кредити за претпријатија во Република Македонија.

***Оперативни трошоци***

На ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје се одобруваат следните оперативни трошоци, пресметани согласно Правилникот:

| р.бр | ОПИС | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар (денари) | 309.694.545 | 315.888.436 | 322.206.205 | 328.650.329 |
| 2 | Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на средствата (денари) | 329.793.172 | 336.389.035 | 343.116.816 | 349.979.152 |
| 3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема (денари) | 89.332.055 | 91.118.696 | 92.941.070 | 94.799.891 |
| 4 | Бруто плати (денари) | 993.793.450 | 1.046.401.726 | 1.085.148.287 | 1.125.026.150 |
| 4.1 | број на вработени | 1.756 | 1.797 | 1.827 | 1.857 |
| 4.2 | просечна бруто плата | 33.687 | 34.661 | 35.354 | 36.061 |
| 5 | Менаџерските плати и менаџерските награди (денари) | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Други услуги (% од тригодишен просек) (денари) | 433.173.064 | 441.927.922 | 450.766.480 | 459.781.810 |
| 7 | Останати и вонредни (екцесни) трошоци (денари) | 152.111.580 | 155.153.812 | 158.256.888 | 161.422.026 |
| **8** | **ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ (денари)** | 2.307.897.866 | 2.386.879.626 | 2.452.435.746 | 2.519.659.358 |

Вредноста на CPI е земена според достапните податоци објавени од Министерството за финансии и тоа 2% за периодот од 2018 до 2020 година.

Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар за 2017 година се земени со иста вредност како и во Барањето. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар за 2018, 2019 и 2020 година се пресметани врз основа на истите во базната 2017 година, зголемени за CPI.

Трошоците за одржување за 2017 година се земени со иста вредност како и во Барањето, додека трошоците за одржување за 2018, 2019 и 2020 година се пресметани врз основа на истите во базната 2017 година, зголемени за CPI. Трошоците за одржување за 2017, 2018, 2019 и 2020 година се пониски од максималниот дозволен процент (25%) од амортизацијата во соодветните години.

Трошоците за осигурување на градежни објекти и опрема, како и менаџерските плати и менаџерските награди се земени со иста вредност како во Барањето.

Бруто платите се пресметани врз основа на просечната бруто плата во РМ, за периодот од јануари до март 2018 година зголемена за 40% и просечниот број на вработени во ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје согласно доставените податоци во Барањето, при што се утврди дека бројот на вработени е помал за 62 вработени во однос на доставените во Барањето

Процентуалното учество на другите услуги во трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар е преземено од Барањето и е утврдено да изнесува 139,9% за 2017 година, и истото е преземено за 2018 година, за 2019 година и за 2020 година.

Вредноста на групата останати трошоци за 2017 година се земени со иста вредност како и во Барањето, додека останатите трошоци за 2018, 2019 и 2020 година се пресметани врз основа на истите во базната 2017 година, зголемени за CPI. Останатите трошоци за 2017, 2018, 2019 и 2020 година се пониски од 10% од збирот на трошоците во позициите 1,2,3,4 и 6 од оперативните трошоци.

При пресметката на факторот за корекција на дистрибуирана количина на електрична енергија (QA) за 2017, 2018, 2019 и 2020 година, Регулаторната комисија за енергетика користеше податоци презентирани во Барањето.

Факторот на порамнување за регулираниот период (SX) е утврден да изнесува -0,0141467086.

***Трошоци за набавка на електрична енергија за покривање на одобрени загуби***

Трошоците за набавка на електрична енергија за покривање на одобрените загуби во дистрибутивната мрежа се пресметани во согласност со член 13 од Правилникот. При определувањето на трошоците за набавка на електрична енергија за покривање на одобрените загуби во 2018 година, се користени податоци за количините на електрична енергија доставени во Барањето, и истите се презентирани во следнава табела:

| Р.бр | ОПИС | 2018 |
|---|---|---|
| 1 | Одобрен процент на загуби (alr/100) | 13,40% |
| 2 | Набавена количина не електрична за покривање на загуби на електрична енергија во дистрибутивната мрежа, (kWh) | 823.911.839 |
| 3 | Набавна цена, LP (ден/kWh) | 3,53 |
| 4 | Трошоци за одобрени загуби, L (денари) | 2.906.627.869 |

***Пренесени трошоци (SPT)***

Пренесените трошоци (SPT) за 2018 година се утврдени да изнесуваат 15.858.176 денари, и истите се преземени од Барањето и се презентирани во табелата подолу:

| р.бр | ОПИС | 2018 |
|---|---|---|
| 1 | регулаторен надомест, трошок за надомест за концесија, еколошки такси и даноци на имот TFt, (денари) | 15.858.176 |
| 2 | Трошоци за порамнување на дебаланси (денари) | 0 |
| **3** | **Пренесени трошоци, SPTt (денари)** | **15.858.176** |

***Дистрибуирана количина на електрична енергија***

Количината на електрична енергија дистрибуирана до крајните потрошувачи за 2018 година е утврдена да изнесува 5.336.862.891kWh.

***Фактор на корекција (К)***

Факторот на корекција за дејноста дистрибуција на електрична енергија за 2017 година, а кој се применува за 2018 година, изнесува 213.088.362 денари. Регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија за 2017 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани, ($MARK_{2017}$) изнесува 7.389.804.143 денари. Во $MARK_{2017}$ се вклучени и 2.930.386 денари како трошоци за регулаторен надомест, трошок за надомест за концесија, еколошки такси, даноци на имот, како и други економски оправдани трошоци одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (TF).

Остварениот приход за 2017 година ($R_{2017}$) изнесува 7.599.826.184 денари. Просечната пасивна каматна стапка објавена од Народна банка на Република Македонија, изнесува 1,46% за 2017 година.

Пресметката на регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулирана енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија за 2017 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2017}$), е презентирана во следнава табела:

| **Р.бр.** | **ОПИС** | MARK2017 | Одобрено со Одлука УП1 08-62/17 од 30.06.2017 |
|---|---|---|---|
| 1 | Основен приход во 2017 година, BR2017 (денари) | 5.577.439.071 | 5.577.439.071 |
| 2 | Трошоци за загуби на е.е во 2017 година, L2016 (денари) | 2.603.174.276 | 2.320.982.874 |
| 3 | Количина на електрична енергија на влез во електродистрибутивен систем во 2017 година (kWh) | 6.164.617.128 | 6.063.939.488 |
| 4 | процент на признати загуби во 2017 година | 13,8% | 13,8% |
| 5 | Набавна цена со вклучена тарифа за пренос на ее и тарифа за организирање и управување со пазарот на ее во 2017 година (ден/kWh) | 3,0600 | 2,7736 |
| 6 | Пренесени трошоци во 2017 година, SPT2017 (денари) | 2.930.386 | 964.152 |
| 7 | фактор на на корекција | 793.739.590 | 793.739.590 |
| **8** | **Регулиран максимален приход за 2017 година повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани, со вклучен фактор на корекција (денари)** | **7.389.804.143** | **7.105.646.507** |
| **9** | **Вкупно испорачана количина во 2016 година (kWh)** | **5.250.091.034** | **5.049.996.179** |

Вкупниот потребен приход на ЕВН Македонија за 2018 година за надоместување на претходно наведените трошоци, за вршење на дејноста дистрибуција на електрична енергија, се предвидува да изнесува 7.516.633.654 денари.

Просечната тарифа за дистрибуција на електрична енергија за 2018 година утврдена со оваа Одлука изнесува 1,4084 ден/kWh и се зголеми за 2,59% во однос на претходната (1,3729 ден/kWh).

Врз основа на податоците од доставеното барање, како и податоците кои и стојат на располагање на Регулаторната комисија за енергетика, а имајќи ги предвид Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем на ЕВН Македонија АД Скопје, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следново:

1. Распределбата на составните елементи на регулираниот максимален приход за соодветните категории на приклучоци е преземена од податоците од Барањето. Распределбата на регулираниот максимален приход за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија за 2018 година што зависи од врвна активна моќност, односно активна електрична енергија по категории на приклучоци е презентирана во следнава табела:

| категории на приклучоци | Распределба на приход (денари) | | |
|---|---|---|---|
| | моќност | активна ел.енерг | вкупно |
| | 1 | 2 | 3=1+2 |
| MV1 | 40.764.475 | 4.666.249 | 45.430.723 |
| MV2 | 339.484.968 | 57.027.364 | 396.512.332 |
| LV1.2 | 396.107.931 | 71.853.995 | 467.961.926 |
| LV1.1 | x | x | x |
| LV2 | x | 6.606.728.672 | 6.606.728.672 |
| **Вкупно** | **776.357.374** | **6.740.276.280** | **7.516.633.654** |

2. Распределбата на испорачаните количини на активна електрична енергија и врвна активна моќност за 2018 година, за соодветните категории на приклучоци е преземена од Барањето, и е презентирана во следнава табела:

| категории на приклучоци | Количини на активна електрична енергија и врвна активна моќност | |
|---|---|---|
| | моќност (kW) | активна ел.енерг (kWh) |
| | 1 | 2 |
| MV1 | 544.525 | 190.372.013 |
| MV2 | 2.236.353 | 702.543.746 |
| LV1.2 | 1.817.182 | 513.772.026 |
| LV1.1 | x | x |
| LV2 | x | 3.930.175.106 |
| **Вкупно** | **4.598.060** | **5.336.862.891** |

**<u>ПРАВНА ПОУКА</u>**: Против оваа Одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во Службен весник на Република Македонија.

**УП1 бр. УП1 08-42/18** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**29 јуни 2018 година**
**Скопје** **Марко Бислимоски**